КЛАСИЧНИ ТЕОРИИ ЗА ДЕТСКИ РАЗВОЈ

Класични теории за детски развој и духовен аспект

Ериксон - психосоцијални фази на развој

Ерик Ериксон (1902–1994) дефинирал 8 психосоцијални фази на човековиот развој, од кои 4 се во детството.

- **0-1,5 год: доверба / недоверба**

Потреба: топлина, допир, присуство
Духовен аспект: Детето во овој период ја формира основната перцепција за светот и за тоа дали животот е добро место или опасност.

Цитат: „Основната доверба е темелот на сè, а таа не се учи, се чувствува.“ - Ериксон

- **1,5-3 год: самостојност / срам и сомнеж**

Потреба: слобода со граници
Духовен аспект: Детето почнува да ја осознава сопствената волја, што според духовните учења е почеток на врската со сопственото „Јас“.

- **3-6 год: иницијатива / вина**

Потреба: поттик за љубопитност, игра, фантазија
Духовен аспект: Фантазијата кај детето е директен израз на душата - најлесно преку игра го чувствува духовното.

- **6-12 год: трудољубивост / инфериорност**

Потреба: признание за вложен труд
Духовен аспект: Детето почнува да ја бара смислата зад постапките, правдата и добрината - што е прва свесна духовна интеракција.

Пијаже - когнитивен развој

Жан Пијаже (1896–1980) вели дека децата учат преку активна интеракција со светот и ја дели когнитивната зрелост во 4 фази.

- 0-2 години: сензомоторна
- 2-7 години: предоперационална
- 7-11 години: конкретно-операционална
- 11+ години: формално-операционална

Духовен аспект:
Иако Пијаже не обработува духовност, оваа теорија покажува дека духовните разговори и симболики треба да бидат во склад со когнитивната зрелост на детето.
Малото дете разбира преку приказни, а тинејџер преку филозофски прашања.

Маслоу - Хиерархија на потреби

Абрахам Маслоу (1908–1970) ја создаде пирамидата на човекови потреби. Највисоко ниво е самоактуализација, каде човек бара смисла, поврзаност со нешто повисоко.

Духовен аспект:
Духовноста кај дете започнува со љубов, чувство на припадност, а подоцна преминува кон прашања за животот, смртта и душата.

Како духовноста природно се вметнува во развојот

0-3 год: преку топлина, нежност, присутност (душата чувствува, не разбира зборови)
3-7 год: преку приказни со поука, благодарности, молитви пред спиење
7-12 год: преку разговори за доброто и злото, храброста, сочувството
12+ год: преку поттик на прашања за смислата, иднината, интуицијата

Прашања кои децата ги поставуваат и духовни одговори

Зошто постои Бог?
„Бог е како светло кое го има секаде и ни помага да бидеме добри.“

Што е душа?
„Тоа си ти, внатре. Кога се смееш, кога сакаш, кога сониш, тоа е твојата душа.“

Каде одиме кога ќе починеме?
„Стануваме ѕвездички или бели пеперутки што го чуваат небото, одиме на друга планета, да го истражиме и тоа место. А потоа повторно се раѓаме, стануваме бебиња на оваа планета Земја.“

Дали животот има крај?
„Телото се менува, но љубовта и душата остануваат секогаш со нас.“

Цитати за развојот и духовноста

„Најголемиот дар што можеме да му го дадеме на едно дете е да му помогнеме да го најде својот глас.“ - Стивен Кови

„Децата имаат многу повеќе духовна мудрост отколку што возрасните претпоставуваат.“ - Дон Мигел Руиз

„Развојот на душата започнува со наједноставните работи: прегратка, добар збор и приказна со поука.“ - Лео Бускалиа